*БЛАГА ПЕТРОСКА*

# СЕМЕЈНАТА ЗАДРУГА, ЗНАЧАЕН ФАКТОР ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

*Поим.* Вообичаено е (а тоа е усвоено и во овој труд) семејната задруга да се третира како форма на семејна и имотна заедница базирана врз крвното сродство, заедничкиот живот и заедничкиот имот. Според обичајното право семејната задруга опфаќа повеќе генерации на потомци од истите претци со нивните жени.

Семејната задруга е специфичен облик на големото неделиво семејство; според Cuvillier — заостаната уште од првобитната заедница, а нејзината основна карактеристика е патрилинеарството. Имајќи го предвид овој факт, нашата семејна задруга претставува еден од највердните споменици на далекото минато, сочувана речиси сè до нашите денови. Што се однесува до самиот термин *семејна задруга,* тој од релативно кратко време се користи во југословенската литература. Терминот задруга е воведен од правниците и етнолозите и како таков тој станал познат во општествените науки во светот. Во бројни англиски, француски и германски трудови се сретнува терминот „задруга". Во народот инаку се вообичаени термините „куќа", „голема куќа", „заедничко семејство", „големо семејство" или „домаќинство". (Испитаните 15 лица кои дадоа податоци за семејните задруги во Македонија за потребите на овој труд, најчесто покрај „задруга" го користат и терминот „голема куќа" и „домаќинство").

Во својот *Речник* од 1918 година, Караџиќ прв пат го употребил терминот „задруга" да ги одбележи поимите „задружна куќа", „куќна задруга". За Караџиќ семејната задруга е облик на семејна и имотна заедница базирана врз крвно сродство, заеднички живот и заеднички имот (plures familiae in eadem domo). Богишиќ[1] првпат го употребува терминот задруга во 1884 година во делото *О облику назван инокоштина,* одбележувајќи ја задругата како збир на селски домаќинства составени од

[1] Богишић, В.: О облику назван инокоштина у сеоској породици код Срба и Хрвата, Београд, 1884.

повеќе браќа, братучеди и подвлечени роднини со жените и децата (ако ги имаат). Терминот задруга е употребуван во *Српскиот граѓански законик* од 1884 година и во *Хрватскиот закон* од 1889 година. За Мажураниќ[2] задругата е вид на семејна, селска земјоделска заедница. Чубриловиќ[3] смета дека семејната задруга е заедница во родовска и економска смисла во која живеат повеќе семејства од исто потекло, обично таткото со женетите синови или браќата со своите семејства. Во својата теоретска расправа за *Задругата* Поповиќ[4] истакнува дека — спротивно на модерното домаќинство кое го сочинуваат само мажот и жената со своите деца — задругата е семејство во кое во заеднички живот и заедничко стопанисување живеат двајца или повеќе роднини кои потекнуваат од ист предок, евентуално со своите родители, со своето семејство и усвоените членови. Темелот на задругата обично го сочинува една генерација на возрасни браќа, од кои барем еден е жив. За Поповиќ најубедливи се тие задруги во кои има два или повеќе крвни сродници но женети. Во своето соопштение на XII меѓународен конгрес за социологија (објавен кај нас во 1936 год.) зборувајќи за основните елементи на југословенската семејна задруга, Сикар[5] ја дава следната социолошка дефиниција на задругата: „Задругата е селска куќна заедница во која постои извесен број задругари поврзани со крвно сродство (машки членови) граѓанскиот закон (жените), живеат и работат заеднички на неподвижниот и неподелениот имот под управната власт на избраниот шеф". Посебно внимание на нашата семејна задруга Емил Сикар посветува пишувајќи за списанието *Социологија на селото*[6] истакнувајќи дека за неа е неопходно во прв план да се стави нејзината структура, а не нејзината големина. Како услови без кои нема семејна задруга (куќна заедница) тој ги набројува следниве елементи: 1. крвна заедница по машки членови 2. заедница на живеење и работа 3. цврста заедница на сопственост 4. заедница на авторитет.

Без оглед на разликите во формулацијата и определувањето на поимот „семејна задруга", сите се сложуваат дека во неа заеднички се следниве елементи: *семејна заедница, заеднички живот, заедничко стопанисување, заедничка потрошувачка и старешината на задругата или домаќин.* Важен белег на семејната задруга е дека нејзините машки членови не ја напуштаат заедницата, по правило синовите и нивните машки наследници остануваат, додека ќерките со мажачката ја напуштаат задру-

---

[2] Според Чубриловић, В.: Терминологија племенског друштва у Црној Гори, Београд, 1959, стр. 11.

[3] Исто, стр. 18.

[4] Поповић, В.: Задруга, Сарајево, 1921.

[5] Сикар, Е.: Основни елементи југословенске породичне задруге, Београд, 1936.

[6] Сикар, Е.: Размишљања о постојању и концепту кућних економских заједница, Социологија села, бр. 1, 1974.

гата и ги губат правата во задругата на својот татко. Значајна карактеристика на меѓусебните односи е и хиерархискиот однос на членовите на задругата. На чело на задругата е домаќинот, старешината или главата на семејната задруга кои задругата ја претставуваат спрема надворешниот свет и спрема трети лица.

Додека пред неколку децении семејната задруга била доминантна форма на семејниот живот кај нас, сега може да се каже дека таа се изгубила (или е мошне ретко присутна) во нашиот живот. Тоа значи дека „куќата", „куќната заедница" или „домаќинството", „семејната задруга" како обичајно правна и социолошка категорија која порано имала значајна улога во нашето уредување се трансформирала под влијанието на длабоките промени кои се случиле и се случуваат во нашето општество.

*Значење.* Третирајќи го проблемот на семејните задруги во сегашниов момент, Тодор Груев[7] подвлекува дека обликот на куќната задруга во семејниот живот бил застапен во толкава мера, што може да се тврди дека мнозинството од македонскиот народ така живеел во текот на целиот XIX и првата половина на XX век кога е почнато нејзиното распаѓање. Податоците од турските архиви укажуваат и ни даваат за право да тврдиме дека задругата како облик на народниот живот била позната и пред XX век, а денес во декадентна форма се задржани понекаде со не повеќе од 12—16 членови. Кај селското население овој облик на семеен живот е задржан во значителна мера сè до 1945 година кога со промената на целокупниот општествен живот и на неговата структура се губи како доминантна форма, а се појавува таму-вамy потврдувајќи дека постоела и била доминантна етносоциолошка појава. Таму каде се задржала, морала да се изгуби со формирањето на селските работни задруги, а посебно поради ограничувањето на земјишниот посед и делувањето на бројни други фактори. Во селата во кои била задржана семејната задруга (во 1970 год. е затечена задругата Гочевци со 14 члена) во последниве 20 години поради миграциите во градовите речиси да нема население.

Спротивно на раширеното мислење за непостоењето на семејните задруги во овој период, иако поретко ги наоѓаме, тие уште долго се присутни во нашата средина. Произлегува дека во последниве децении во Македонија постоеле само помалите задруги како исклучителни претставници на задружниот тип на семејството. Според истражувањата на авторот на овој текст извршени во текот на 1968 година[8], станува збор за 27 затечени семејни задруги во СР Македонија меѓу кои една со 24 члена

[7] О кућним задругама у Титовелешком крају, Етнолошки преглед, Београд, 1973, стр. 19—20.

[8] Види д-р Б. Петроска: Структура, привређивање и старешина породичне задруге, Социологија села, 40—42, Загреб, 1973.

во селото Страцин (Андоновци), со 21 член во селото Кучевиште (Нешковиќи), со по 20 члена во селото Ташмаруниште (Наумовци) и во селото Нова Брезница (Саздановци) и други со помал број членови.

Мора да се каже дека за куќната или семејната задруга во Македонија и покрај тоа што до скоро таа била прилично присутна на целата територија, прилично малку е напишано. Сепак, бројни истражувања и искажувања во литературата потврдуваат дека задругата била релативно бројно застапена на територијата на цела Македонија во XIX и почетокот на XX век, до ослободувањето од турското владеење. Постоеле мали семејни задруги (до 20 члена), средни со по 30 до 40 члена и големи со 50, 60 и повеќе членови. Така Јован Трифуновски[9] во втората половина на XIX век наведува задруги во Кумановскиот крај (56 члена), Овчеполскиот крај (54 члена), Прилепскиот крај, Битолскиот, Мариовскиот, Ресенскиот, Скопскиот и Тетовскиот крај.

Во Скопската котлина во пределот на Црна Гора ја споменува Бошчиќевската задруга со 100 члена и Урумовската задруга со 90 души. Трифуновски констатира дека во XIX век семејните задруги биле мошне чест облик на живеење и дека во тоа време задругите како да биле дојдени до највисоката точка во својот развиток и до најголемата улога во народниот живот (околу две третини од домаќинствата живееле во семејни задруги).

Распространетоста на семејните задруги се објаснува со постојните општествено-економски односи во тоа време, со потребата на заштита од турските и албанските зулуми. Во такви услови загрозеното христијанско-словенско население било принудено да се збие во големи домаќинства, што доведувало и до јакнење на македонската семејна задруга. Од друга страна пак, куќата со поголем број луѓе полесно ги поднесувала материјалните обврски. И самите сопственици на чифлиците го спречувале делењето на задругата затоа што со делбата на домаќинствата би се намалиле приходите од имотот. По ослободувањето од турската власт на територијата на сегашна Македонија настануваат промени (аграрната реформа, продирањето на стоковно-паричните односи) кои влијаат семејните задруги постепено да се распаѓаат. Но, и покрај промените во општествениот живот, во голем број села старите организации, семејните задруги се задржани, што значи дека тие биле значаен фактор во општествениот живот на македонското село. Од тој период се споменуваат две големи задруги кои ги проучувал М. Филиповиќ[10]. Во Скопската котлина семејната задруга на Спасиќ која во 1929 година имала 66 члена и Задругата на Помет-

[9] Кућна задруга у селима Македоније, Етнолошки преглед, Београд, 1973, бр. 110.

[10] Обичај и веровања у Скопској котлини, Српски етнографски зборник, Београд, 1939.

ковец со 53 члена. Ј. Трифуновски ја споменува семејната задруга од селото Чучер — Зивчевиќи која во 1930 година имала 42 члена.

Миленко Филиповиќ[11] врз база на истражувањата што ги вршел во 1935 година во Дебарскиот крај истакнува дека задружниот живот е мошне сочуван, а луѓето семејните задруги ги нарекувале куќа или голема фамилија. Филиповиќ ја дефинира задругата како имотна и правна заедница чии членови се наоѓаат во најблиското крвно сродство. Синот со женидбата останува во заедницата со таткото, која се одржува и по неговата смрт, сè додека браќата се сложуваат. Треба да се истакне дека во наши услови самиот термин „задруга", сфатена како голема фамилија, значи бројност односно го истакнува фактот дека во куќата постојат повеќе машки членови кои здружени подобро работат и здружени имаат поголеми можности од другите кои во поглед на работната сила се поограничени Од тие причини нашиот народ многу често го истакнува задоволството од животот во задругата односно симпатиите спрема животот во задругата. Атанасија Петровиќ опишувајќи го народниот живот и обичаите во Скопска Црна Гора[12] истакнува дека „секој член на задругата мисли и тврдо е убеден дека животот е подобар во задругата отколку во инокосното семејство; поради тоа е и позадоволен од тој кој живее во инокоштината". Предностите на животот во задругата за момчињата и девојките тој ги гледа и во фактот што „момчињата и девојките од задругата многу полесно и побргу се женат и мажат, затоа што секоја девојка сака да се мажи во задруга, а секое момче сака да се ожени со девојка од задругата, затоа што задругите секој пат се сметаат како подобри куќи. Кога ќе се ожени за девојка од голема задруга, момчето се гордее и вели: „сам се оженил од оѓак", или „сам узел жену од оѓак"; а кога пак некоја девојка од сиромашна куќа се омажи во задруга и таа и нејзините родители тоа го сметаат за голема среќа — „сам се удала у оѓак", „сам отишла у оѓак", „сам узела мужа од оѓак". А. Петровиќ вели дека и за децата се смета дека имаат подобар живот во задругата затоа што „покрај подоброто домашно воспитување тие имаат и поубава облека и подобра храна отколку децата во инокосните семејства. Кон неговата констатација можеме да ги додадеме и често употребуваните зборови меѓу нашиот народ дека „иконоштината е готова сиромаштина".

Може да се каже дека и изразите кои ги употребуваат лицата кои се потсетуваат на животот во задругата укажуваат на реликтите на патријархалните сфаќања. Некои постари лица и денеска го гледаат значењето на доскорешните семеј-

[11] Филиповиќ, М.: Дебарски дримкол, Скопје, 1939.

[12] Петровић, А.: Народни живот и обичаји у Скопској Црној Гори, Српски етнографски зборник, VII књига, 1907.

ни задруги и нивното предимство над инокоштината. Речиси сите истражувачи истакнуваат дека само задружните куќи се сметани за вистински куќи и единствено членовите на големите задружни куќи уживале углед во својот крај. Очигледно, општествено-моралниот фактор, покрај другите фактори бил мошне значаен за создавањето и одржувањето на семејната задруга.

По Втората светска војна настануваат нагли промени во економскиот и општествениот живот (Законот за земјишниот максимум, вработеноста на селаните во индустријата, миграциите во градовите) кои се одразуваат на одржувањето на семејната задруга. Задругите им отстапуваат место на помалите семејства, што се гледа и од промените во просечниот број на лица по едно домаќинство. (Така во 1931 година на едно домаќинство има 5,79 лица, а во 1981 година 4,38 лица).

*Методолошки пристап.* Во нашата средина семејната задруга како посебна социолошка целина долго се задржала (веројатно сè уште понекаде е присутна) во редовите на Македонците. Од тие причини може да се каже дека процесот на распаѓање на семејните задруги кај македонското население е речиси завршен (мали исклучоци) додека кај албанското и турското население во Македонија сè уште е силна традицијата на задружниот семеен живот. Користејќи секоја прилика да би дознала дали некаде постои некоја семејна задруга, во зимата 1968/69 година регистриравме 27 семејни задруги, односно домаќинства од комплексен состав со најмалку две семејства од иста генерација или различни генерации. Поради тоа што постојните статистички податоци не можеа да дадат попрецизна ориентација во поглед на постоењето на семејните задруги пристапивме кон еден метод кој има мошне долга традиција во етнологијата. Составивме екипа од студенти на Филозофскиот факултет со задача да ги пронајдат големите семејства. Нивната задача беше: а) да ги разгледаат податоците од месните канцеларии, б) да го консултираат локалното население, в) да ги распрашуваат граѓаните. Благодарение на овие бројни извори на информирање евидентиравме 27 семејни задруги меѓу Македонците во следниве општини: Кале, Кисела Вода, Струга, Битола, Кратово, Куманово, Прилеп, Тетово и Гостивар (град), односно во селата на тие општини: Љубанци, Кучевиште, Нова Брезница, Ташмаруништа, Луково, Нерези, Добромири, Путарис, Долно Аглари, Страцин, Скачковец, Старо Нагоричане, Пашино Рувци, Бела Црква, Обршане, Милетино и Вратница. Очигледно, ваквата постапка нѝ овозможи максимално можни точни податоци за постоењето на семејните задруги. Сепак, не е исклучено некоја семејна задруга и да не била опфатена. Состојбата во 1968/69 година е посматрана непосредно во наведените места, а во секоја испитана задруга е пополнет анкетен лист спрема одделни наведени проблеми и прашања посебно обликувани и приспособени на нивото на сфаќањето на селското население. Меѓутоа, оваа чувствителна општествена појава бара

и други посуптилни методи отколку што е анкетата и од тие причини во текот на самото истражување бевме упатени и на други постапки кои ни овозможија да дознаеме повеќе за појавата и функционирањето на семејните задруги.

И покрај тоа што позитивното законодавство семејната задруга не ја смета за правно лице, таа како таква фактички постоела до скоро. Таа уживала и морална поддршка во својата средина, што произлегува од фактот дека ако некој, користејќи ги позитивните законски прописи, бара дел од имотот на родната куќа, се изложува на презир и прекор. Во присутноста на ваквите ставови често пати можат да се уверат истражувачите на обичајното право особено што и кога процесот на индивидуализација на сопственичкото право се развива, заедничката сопственост на членовите на задругата останува како нешто посебно. Се разбира и дека регистрираните семејни задруги не постоеја како заедници кои судовите би ги признале спрема обичајното право.. Иако постоеја како фактички заедници на поголем број неодделени членови на семејството, нивното егзистирање повеќе не се одвиваше во целина според некогашните правила на обичајното право.

За овој труд исто така се користени и податоците добиени од анкетирањето на 15 лица кои живееле во семејни задруги и можеа да дадат драгоцени податоци како за животот во сопствената задруга, така и за функционирањето на други семејни задруги.

Преку анкетата е искористено присуството на живите членови на бившите задруги, како на тие од времето до 1912 год., така и во подоцнежниот период. На тој начин, анкетата нѝ овозможи да ги инкорпорираме и живите спомени за животот во семејните задруги сочувани кај нашиот народ. Анкетирањето е извршено во текот на 1988 година, а анкетираните лица се на возраст од 61 до 92 години. (Податоците прибрани од анкетираните лица се однесуваат на општините Велес, Велешко, Скопско, Струшко, Кочанско, Кумановско, Струмица, Галичник и Леринско.

Неоспорно, анкетарите и овојпат, како и во претходниот случај пред 20 години успејаа да приберат значаен материјал и бројни податоци. Во секој прашалник се наоѓал и посебен празен лист кој го пополнувал анкетарот врз база на своите впечатоци. Може да се констатира дека младите луѓе (студентите) и при првото анкетирање покажаа голем ентузијазам, совесност и одговорност при снимањето на ситуациите. Овој факт секако дека придонесува во ова специфично истражување нив да ги третираме не само како технички соработници, туку како соработници на една научна задача.

Мора да се додаде и дека забелешките, искажувањата на анкетираните како и впечатовците на испитувачите се дополнети со податоци од дела на други автори кои пројавувале интерес и ги проучувале семејните задруги во Македонија.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗАДРУГАТА

Меѓу значајните претпоставки за постоењето на семејната задруга Емил Сикар[13] ги наведува следниве неопходни елементи: 1) Крвно сродство по машките членови, 2) Заедница за живеење и работа, 3) Цврста заедница на сопственост и заедница на авторитет. Прифаќајќи ги овие претпоставки (услови) уште треба да истакнеме дека при истражувањето на семејните задруги е значајно во прв план да се стави нејзината структура, а не нејзиниот број.

### *Обем и структура*

Квалитативниот елемент на семејната задруга ја одредува токму нејзината структура, а не нејзината големина, што значи дека големиот број членови не е редовна карактеристика на задругата, па семејствата и со помал број членови можат да се сметаат за задруги. Така, А. Петровиќ[14] врз база на неговите истражувања во Скопска Црна Гора објаснува дека од пред 3—4 години постоеле задруги во кои живееле 70—80 членови под управа на еден задружен старешина. Тој наведува пример на такви задруги во селото Кучевиште, Љубанци и Чучер. Во време на неговото истражување такви задруги немало, но имало такви во кои живееле и до 50 членови. Во сите села, како што наведува, селаните живееле задружно но бројот на задругарите бил помал — отприлика од 6—15 членови.

Анкетираните лица во текот на 1988 год., кои давале податоци за семејните задруги во кои живееле или ги знаеле, наведуваат дека броеле од 13—30 членови, при што најголемите имале меѓу 25—30 членови и најчесто опфаќале по три генерации.

Според наведеното испитување на 27 задруги во СР Македонија извршено во 1968 година бројот на нивните членови изгледа вака:

Табела 1

БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ЗАДРУГАТА

| | |
|---|---|
| 12—15 члена | 11 задруги |
| 15—18 „ | 9 „ |
| 18—20 „ | 5 „ |
| 20—22 „ | 1 „ |
| 22—25 „ | 1 „ |
| Вкупно: | 27 задруги |

[13] Е. Сикар, споменатото дело, стр. 30.

[14] Во споменатото дело.

Со ова истражување, колку да се настојувало, не можело да се сретнат домаќинства со по 40, 50, 60 и повеќе членови какви што постоеле непосредно пред Втората светска војна. Најбројни се задругите со 12—18 члена, а нивната големина е стабилизирана на 16.9 члена. Се разбира дека главната причина ја наоѓаме во настанатите општествени промени, во аграрната реформа и во другите мерки кои ја погодија егзистенцијата на семејните задруги.

Меѓу испитаните задруги 20 ги сочинуваат таткото со неговите женети синови, таканаречени татковски семејни задруги, а 7 се заедници на браќа, чичковци и братучеди, таканаречени братски задруги.

Воопшто земено констатираме дека сè помалку во тој период имаше големи семејни задруги со претставници од три и повеќе генерации. Доколку и се сретнати, тие само го зацврстија уверувањето во нивното намалување, што претставува еден вид приспособување на новите односи. Според генерациските состав испитаните задруги вака се распоредени:

Табела 2

ГЕНЕРАЦИСКИ СОСТАВ НА ЗАДРУГИТЕ

| | |
|---|---|
| со 3 генерации | 23 задруги |
| со 4 генерации | 4 задруги |
| Вкупно: | 27 задруги |

Со право се наведува дека со оглед на агнатската идеологија која владее на Балканот[15] односот меѓу таткото и синовите е најкритичен за одржувањето на проширеното семејство. Семејната задруга во Македонија е патрилокална. Синовите останувaат во куќата и во принцип не се одвојуваат од неа, особено не додека таткото е жив (обично и не се прави разлика меѓу родените браќа и братучедите). Тие живеат во куќата со жената, синовите и внуците и немажените ќерки. Одвојувањето од таткото не само што се смета како непрактично и како голема срамота па дури и грев. Од тие причини, поради размножувањето на бројот на членовите на задругата, честопати самиот старешина ја предлага делбата.

М. Филиповиќ[16] наведува дека синот кој се жени останува во заедница со таткото. По неговата смрт браќата остануваат во заедницата додека се сложуваат. Произлегува дека крајниот идеал при циклусот на задругата е вообичаената структура составена од три генерации предводена од таткото со своите женети синови и нивните деца. Ваквите домаќинства се проши-

[15] Рађање модерне породице, приредила А. Милић, Београд, 1988, стр. 255.

[16] Во споменатото дело.

рувале и со прифаќањето на колатералните и усвоените роднини, а поретко и со четвртата генерација. Во циклусот на задругата било нормално со зрелоста на внуците да дојде до расцеп на помали домаќинства кои го повторувале циклусот развивајќи се во проширени домаќинства од типот на семејна задруга. Врската меѓу таткото и синот се трансформира на тој начин што од една ограничена агро-економска поврзаност во рамките на домаќинството во кое доминира таткото преку контролата на земјата, станува поврзаност со разновидни можности како резултат на приходите кои синовите ги остваруваат вон селската заедница.

### *Заедничко стопанисување и сопственички односи*

Еден од факторите кои имаат големо влијание врз одржувањето на задругата е начинот на стопанисување. Поточно, мошне значајно е екстензивното земјоделие чии потреби наметнувале и користење на голем број работна сила во заедничкото домаќинство. Исто така и сточарството придонесува да се одржи семејнатаа здруга како установа, поради тоа што стоката можела да се одржи и да се користи само со поголем број членови во домаќинството. Во таквите домаќинства, според тоа, најголеми материјални вредности се земјата, стоката и приходите од земјоделско-сточарските дејности.

Меѓутоа, со реализацијата на аграрната реформа во повоениот период се дојде до суштински промени во поседовната структура на нашето село, што се одрази и врз големината на поседот на одделните домаќинства. Сите испитани семејни задруги имаат поголем или помал посед на земја, сточен фонд, куќа од селски тип и постојани приходи од земјоделско-сточарската дејност. Најголемиот дел од нивниот посед 92,5% се ораници, додека во иста мера поседуваат ораници и пасишта само 7,4% семејни задруги. Од следнава табела може да се види дека најголем број на семејни задруги поседуваат од 2—4 ха ораници.

Табела 3

ГОЛЕМИНА НА ОРАНИЦИТЕ КОИ ГИ ПОСЕДУВА СЕМЕЈНАТА ЗАДРУГА

| | |
|---|---|
| до 2 ха | 18,5% |
| од 2—4 ха | 40,6% |
| 4—6 ха | 11,1% |
| 6—8 ха | 11,1% |
| 8—10 ха | 11,1% |
| преку 10 ха | 7,5% |

Што се однесува до добитокот, според бројот на грлата може да се види дека со тој фонд се располага на следниов начин:

Табела 4

СТРУКТУРА НА СТОЧНИОТ ФОНД

| овци | | говеда | |
|---|---|---|---|
| од 10—20 грла | 7,5% | 2 грла | 11,1% |
| 20—40 грла | 37,0% | 3—4 грла | 33,3% |
| 40—60 грла | 14,8% | 5 и повеќе | 40,6% |
| над 60 грла | 29,6% | | |

Посматрано од аспектот на оваа економска структура јасно може да се согледа дека производувачката функција како најкарактеристична функција на земјоделско-селскиот тип на домаќинство е присутна и значајна во овие семејни задруги.

Но, за утврдување на социо-економскиот статус на испитаните семејни задруги значајни се и изворите на нивните приходи. Во целина земено во нашата средина е присутна традицијата која оди кон зголемување на приходите од неземјоделските дејности. Ваквиот процес на деаграризација на нашето население не можело да не се одрази и врз дејностите на активните членови на семејните задруги. Големите револуционерни промени во глобалните општествени односи, во последниве децении кај нас се реперкуирале и врз професионалните структури. Во однос на испитаните семејни задруги забележивме дека има мала разлика меѓу бројот на активни машки членови ангажирани во земјоделските и неземјоделските дејности.

Табела 5

АКТИВНИ МАШКИ ЧЛЕНОВИ

| | |
|---|---|
| Претежно во земјоделски дејности | 48,1% |
| Претежно во неземјоделски дејности | 40,7% |
| Подеднакво во земјоделски и неземјоделски дејности | 11,1% |

За едно чисто селско домаќинство значајно е што изворот на приходите е работата од имотот, додека за мешовито домаќинство покрај работата од имотот важно место зазема доходот добиен од вонземјоделските дејности. Структурата на занимањето на членовите на задругата се менува и општествената мобилност во твој процес е поголем кога е во прашање преодот од мануелниот земјоделски труд кон мануелниот неземјоделски труд. Во испитаните семејни задруги забележително е една особена поделба на трудот кај возрасните машки членови која од своја страна има одраз врз одржувањето на семејната задруга како установа. Одделни возрасни членови на задругата заработуваат надвор од куќата — во постојан или

во сезонски работен однос — и својата заработувачка, во целина или делумно ја внесуваат во заедницата.

Во најголемиот број задруги барем по еден возрасен машки член остварува постојани приходи надвор од задругата.

Табела 6

ЧЛЕНОВИ НА РАБОТА НАДВОР ОД ЗАДРУГАТА

| | |
|---|---|
| Ниеден | во 4 задруги |
| по 1 | во 5 задруги |
| по 2 | во 8 задруги |
| 3 и повеќе | во 9 задруги |

Се разбира дека постојаниот работен однос на поединецот му создава можности да ја обезбеди својата егзистенција и егзистенцијата на своето потесно семејство, а со тоа постепено се губи функцијата и мотивот на потоење на задругата.

При определување на социо-професионалниот профил на семејните задруги, констатираме дека две третини преставуваат типични хетерогени задруги (членовите имаат различни занимања). На тој начин како земјоделски семејни задруги определуваме 9, додека како земјоделско-работнички 18 семејни задруги.

Самиот факт што сè поголем број членови на задругата одат по заработувачка на разни страни, претставува еден крупен чекор кон распаѓање на тие заедници. Секако дека тој процес е уште поинтензивен кога младите машки членови ќе го завршат своето школување, па макар било тоа и осумгодишното училиште.

Секако дека станува збор за приспособување на домашната економија кон новите прилики во општетвото. Ваквите заедници се одржувале и врз база на калкулацијата дека крвните сродници во заедничкото стопанисување со рационална поделба на работата (меѓу тие кои работат во домаќинството и тие кои работат вон задружниот имот па дури и во странство и тие кои се школуваат за други професии) подобро ќе просперираат. Оттука и поделбата меѓу задругите на земјоделски-сточарски, земјоделски-работнички и земјоделски-работничко-службенички.

Имотот во семејната задруга ги опфаќа пред сè неподвижните добра — земјата (обработлива и необработлива), зградата (зградите) за живеење, помошните згради и подвижните добра, стоката и слично. Имотот на семејната задруга е заеднички и традиционално така остана до скоро, сè до наши денови. А. Петровиќ[17] наведува дека „За напредокот на задругата не е доволно само желбата на задругарите, туку уште е потребно и сите да го чуваат заедничкиот имот. Ако некој од нив почнува

[17] Во споменатото дело.

на било кој начин да присвојува од заедничкиот задружен имот и да го прави своја *забава*, со тоа задругата ја доведува до состојба на распаѓање. Сите членови на задругата работат заеднички и подеднакво. Сè што заработуваат или добиваат е заедничко, ако снема храна, домаќинот се грижи". Тоа значи дека како задружна сопственост се сметал целокупниот имот, како што е земјата, куќата, земјоделскиот инвентар, покуќнината и производите. Не било дозволено одделни членови да водат посебна економија. Личната сопственост, освен облеката и некои ситни предмети, нема во задругата. Анкетираните лица во таа смисла истакнуваат „ако некој член на задругата почнува да го одвојува својот имот од заедничкиот, повеќе нема напредок на куќата".

Во рамките на семејната задруга сепак постои и еден посебен облик на лична сопственост врз предметите кои одделниот член на задругата можел да ги ужива без согласност на домаќинот односно старешината на куќата. Пред сè тука спаѓа чеизот или опремата на девојката, а постепено бројот на предметите кои поединецот можел да ги ужива и отуѓува се проширува, што во подоцнежна фаза доведува и до распаѓање на задругата. Личната сопственост, настојувањето поединци да располагаат со деловите од заедничкиот имот се третираат како спротивни на задружниот принцип на живеење затоа што ги зајакнуваат индивидуалните економски нтереси поттикнувајќи ја желбата за потполна независност.

Заедничката сопственост треба да се согледа поврзана за заедничкиот авторитет, поради тоа што овластувањата на домаќинот односно на старешината на задругата пред сè се воспоставува како функција на економскиот успех на заедницата.

## СТАРЕШИНАТА НА СЕМЕЈНАТА ЗАДРУГА

Со задружниот имот управува старешината на задругата или домаќинот. Неговите права и должности се јасно утврдени. Тој ја распоредува работата, ја претставува задругата пред пошироката заедница, пред власта, пред гостите, ги одржува домашните обреди, ја одржува дисциплината во задругата и претставува најголем авторитет. Неговите наредби се почитуваат и обично никој не им се спротиставува.

А. Петровиќ[18] проучувајќи го народниот живот и обичаите во Скопска Црна Гора, вака го опишува местото на старешината во задругата: „Со задругата управува задружниот старешина, таканаречен *домаќин*. Во некои задруги останува истиот домаќин додека е жив или додека не се разболе и е изнемоштен, во некои други се поставува на 1—2 години. Има и такви задруги кај кои е правилно домаќини да бидат сите постари луѓе

[18] Во споменатото дело.

по ред по една година. Најпрво најстариот, па тогаш и останатите по ред според старешинството. Во случај домаќин да е едно исто лице без прекин, самиот под старост или поради болест го бира за наследник тој којшто смета дека е најправеден и најспособен за домаќинските должности. Во ваквите случаи домаќинот за домаќин најчесто го поставува својот син или брат.

Домаќинот кај себе ги чува сите задружни нешта: поресните книги, тапиите, парите, покуќнииштвото итн. — одредува кој што ќе работи и контролира. Домаќинката управува со жените во куќата и бавчата. Од домаќинот, неговата памет и снаоѓање во голема мера зависи опстанокот на задругата. Домаќинот ги казнува постаритие задругари со опомена, а помладите со шамар и тепање. Сите во куќата го почитуваат домаќинот. Кога тој е дома, владее мир и само неговиот глас се слуша. Тогаш жените ги смируваат децата за да не вреват. Кога домаќинот отсуствува, го застапува домаќинката".

Од позицијата на старешината во семејната задруга произлегува дека тој, сепак, не е апсолутен господар на семејството и на имотот, туку тој повеќе ја има улогата на повереник на членовите на задругата. Сите женети мажи имаат право да учествуваат во донесувањето на одлуките и домаќинот се советува со нив. Од домаќинот (старешината) се очекува извесна строгост и одржување на дисциплината, но никако самоволно држење и насилнички однос.

Еве како Марко Цепенков[19] ја претставува функцијата на старешината во семејната задруга. (Текстот е даден според верзијата што ја објавил Цепенков во 1900 година):

„. . . Во една селцка куќа постарио ја ќесебашија и за сичко заповедуат. Постарио уште од вечерта ќе е нареди сите мажи и деца, кој која работа треба да работи, сproти времето. На еднио ќе нареди да оди на орање во филјан нива, другио ќе прати на копање, трекио ќе прати на дрва или на вода и на друга и друга работа.

Постарио је пазарбашија. Тој ќе оди на пазар да продаат жито и друго нешто што имат таа куќа. Јаицата и продаваат жените и со парите од јајцата си купуваат нешто женски работи, како монистро, жолто, мед и друзи нешта за везење што му требат, како за постарите жени, така и за девојчињата.

Старио што ќе продаи жито во пазар али имање нешто, што му нарачале од дома, вергија ќе плаќа, алас'нд'к и некое ѓериме, и друзите куќни арѓеи, со еден реч постариот је кесебашија: тој дава за сите во куќата, тој зема од сите од куќата. У старио лежи сиот товар за сите работи што се во таа фамилија.

[19] Селска задруга, чифлик и како се обработува тој, во Книга 10 од Македонско народно творештво на М. Цепенков (Редактирал д-р Блаже Ристовски).

Од стариo машко, женско се допрашува, а за некоj женцки работи жените се допрашуваат од старата. Ако немои старата да 'а расправи таа работа, ќе се однесат пак до стариo, и тоj како да jе ќе му jа реди таа работа, само ако се поклонети на негоата повела.

Еден татко, откао ќе застари да не може веќе да оди на пазар да пазаруат, ќе му даит изим на брата си, ако има брат, а пак ако нема брат, на сина си, постариo син, тоj ќе му биди пазарџибашиjа, ама за се пак ќе се од стариo и парите што ќе продаи жито али друго нешто, ќе му се донесат нему, за тоj да 'и чуа и каj ќе треба да дава пазарџибашиjата, од рака ќе зема па од стариo и ќе дава.

И за земањето пари од стариo и за давањето, се со есап ќе зема и ќе дава. Ако продаи, да речиме, пазарџибашиjата три осмаци жито по осумдесет гроеши килото, ќе земе сто и дваесет грошеи; дал за ручек два гроша, коал коња три и пол, четори симичиња купил за децата по пет пари-дваесе, се сториjа шес грошеи, уште сто и четиринаесет гроша треба да му се даат на стариo за во касата".

Во научната литература коjа го третира проблемот на внатрешната организациjа на семеjните задруги, за одбележувањето на лицето кое jа има наjголемата власт, наjчесто се употребуваат термините старешина, домаќин, господар или глава на куќата. Самиот термин старешина се однесува на лицето кое е наjстаро по години, но со оглед на тоа дека секоj пат таа функциjа jа врши наjстарото лице, поадекватен е терминот домаќин (наjчесто анкетираните лица не го употребуваат). Домаќинот е господар на куќата, чиj избор се врши по други критериуми, а не со прекутно одредување на наjстариот член („каде годе има дом — било голем или мал, тука има и домаќин коj управува со куќата и имотот"). Домаќинот или старешината има наjвисок ранг во задружната семеjна хиерархиjа, но тоj не е апсолутен господар на семеjството, туку повеќе претставник на другите членови.

Емил Сикар[20] во споменатото дело наведува дека е погрешно да се изедначува *домаќинот* односно старешината со поимот *pater familias* во говорното значење на овоj термин. Изразот коj го употребувал В. Караџиќ, а коj недоволно се применува, а подобро одговара на вистинската состоjба на фактите е: *домаќин, старешина шеф* на задругата, барем кога станува збор за економскиот план, кога тоj не е ништо друго, туку администратор, *rei familiaris*, управник, водител на работите над имотот, над материjалните добра на семеjството.

В. Поповиќ[21] истакнува дека наjголемата власт во задругата jа има куќниот совет коj се состои од сите полноправни членови на задругата, т.е. од сите машки женети и полнолетни

[20] Во споменатото дело.
[21] Во споменатото дело.

синови. Куќниот совет е одлучувачки фактор во сите работи во куќата. Без негова согласност не може да се продаде или заменува ниеден дел од имотот, не можат да се направат долгови или да се склучи договор за купување или продавање во име на задругата. На чело на управата стои домаќинот кој е биран од сите полноправни членови или е дојден на тоа место по препорака на претходниот домаќин. Не постои никаков формален акт на избор или именување туку најчесто *via facti*, што значи дека најспособниот член се истакнува покрај домаќинот заменувајќи го и на тој начин практично е признат како негов наследник. Затоа, домаќинот спаѓа меѓу најистакнатите и најпаметните членови на куќата и не мора секогаш да е најстар. И. Е. Сикар подвлекува дека домаќинот е најквалификуваниот, без оглед на старост, под услов да живее во задругата. Тоа значи дека принципот на избор на старешината се базира врз способност — умеење — во поглед на организирањето на куќата, а не врз автоматското определување на најстариот.

Меѓутоа, мора да се има предвид дека семејните задруги се создаваат врз принципот на машкото сродство, што произлегува и од правилото маж да е нејзин старешина (само ако во задругата нема квалификуван полнолетен машки член, жена — обично вдовицата на старешината — може да биде старешина). Компетенциите на старешината не се ниту недоволно одредени ниту само претставнички, што значи дека тој претставува значаен индивидуален патријархален авторитет. Во таа смисла секако дека не станува збор за некаква исклучителна (посебна) демократичност во семејната задруга. И покрај некои одредени демократски процедури и однесувања по својот менталитет семејната задруга сепак е патријархална организација. Во прилог на оваа констатација е и фактот дека тие постојат во општествени прилики кои воопшто земено се патријархални.

Што се однесува до местото и улогата на старешината во испитаните 27 семејни задруги се најдени карактеристичните моменти, но исто така и извесна еволуција на неговата улога. Меѓу испитаните 27 задруги, во 20 постои глава на куќата, домаќин, додека во 7 семејни задруги такво, лице нема, туку постои само колективно раководство. Промените во професионалната структура на селските домаќинства не можеле да не се одразат и врз нивната внатрешна организација. Доколку помалку тоа домаќинство е произведувачка заедница, а повеќе консумна заедница, дотолку повеќе слабее па дури и се губи положбата на домаќинот (случајот со седумте семејни задруги). Процесот на индивидуализација на селското семејство и менувањето на неговата социопрофесионална структура се одвива паралелно со процесот на попуштање на авторитетот на домаќинот како голем организатор на производството, а исто така се менуваат и традиционалните ставови според местото и улогата на поедините членови во раководењето со домашните работи.

Во дваесетте семејни задруги како домаќин најчесто, во 80%, е бирано најстарото лице кое по самата своја возраст има индиции дека таа функција ја врши повеќе формално. Во овие случаи не е одлучувачка способноста и умеењето на индивидуата, со што се потврдува дека неговата власт е најформална. На тој начин ја следиме и промената во содржината на авторитетот. Постепено, особено ако синовите заработуваат надвор од семејната задруга старешината, на пример, не може да им забрани самостојно располагање со нивната заработувачка.

Меѓу задругите кои имат домаќин 16 се татковски, а 4 се братски. Во татковските задруги во 14 домаќин е таткото, значи најстариот член, а во две најстариот брат. Од четири братски задруги во 2 домаќин е најстариот брат, а во 2 помладиот брат. Старосната структура на лицата кои се наоѓата на чело ва семејната задруга изгледа вака:

Табела 7

ВОЗРАСТ НА ДОМАЌИНОТ

| | |
|---|---|
| од 30—40 год. | 5,00% |
| 40—50 год. | 10,00% |
| 50—60 год | 25,00% |
| над 60 год. | 60,00% |
| Вкупно: | 100,00% |

Задружната хиерархија произлегува од двата битни патријархални критериума: полот и возраста. Рангот во семејната задруга резултира од припадноста кон полот и кон старосната група. Мажите се посупериорни од жените, но за нивната позиција е битна староста. Во испитаните задруги авторитетот и влијанието врз донесувањето на одлуките е распоредено вака:

Табела 8

КОЈ ИМА НАЈГОЛЕМ АВТОРИТЕТ И ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКИТЕ

| | |
|---|---|
| Постарите луѓе без оглед на пол | 22,2% |
| Постарите машки членови | 40,7% |
| Сите возрасни мажи | 18,5% |
| Без одговор | 18,5% |
| Вкупно: | 100,00 |

Јасно дека авторитетот на постариот е неприкосновен, особено ако тој е способен и ужива углед во својата средина. Домаќинот треба да управува со задругата, да ја претставува

во контакт со надворешниот свет, да води главен и одлучувачки збор во врска со производните активности и условите за производство, распределба на приходите како и во врска со одржување кохезијата и цврстината на задругата. Бројни истражувачи на семејниот живот во Македонија помеѓу двете светски војни забележуваат дека главниот збор во селото и во пошироката заедница го имале старешините на семејните задруги. Заедно со свештениците и учителите тие управувале со црквата и со училиштето. Не случајно од нивните редови се регрутирале и старешините на селото и на поголемите маала. Нашето истражување констатира промени во однос на улогата на старешината на семејната задруга, што значи и негово приспособување кон променетите услови за живеење.

Иако власта на домаќинот по правило е помала од власта на pater familias, поради тоа што тој треба да ги има предвид мислењата на другите членови на семејството, во нашите случаи утврдивме и слабеење на автархичноста на функцијата на домаќинот и поголема либерализација на внатрешните семени односи.

Табела 9

УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДРУГАТА

| | |
|---|---|
| Раководењето е исклучиво во рацете на домаќинот | 10,00% |
| Раководењето е претежно во рацете на домаќинот | 15,00% |
| Домаќинот го дели раководењето со други членови | 60,00% |
| Раководењето е врз изразито демократска основа | 15,00% |
| Вкупно: | 100,00% |

И во контактите со надворешниот свет се гледа дека таа функција не ја врши само домаќинот, туку се ангажирани во поголема мера и другите возрасни членови во зависност од своите склоности и потреби.

Табела 10

КОЈ ЈА ПРЕТСТАВУВА ЗАДРУГАТА ВО ОДНОСИТЕ СО НАДВОРЕШНИОТ СВЕТ

| | |
|---|---|
| Само домаќинот | 25,9% |
| Неколку постари мажи | 33,3% |
| Сите возрасни членови | 11,2% |
| Определени личности по потреба | 14,8% |
| Нешто друго | 14,8% |
| Вкупно: | 100,00% |

Во непосредните разговори во овие задруги често ги слушавме и изјавите дека „некогаш зборот на домаќинот бил закон за сите, а денес тој сè помалку се почитува. Додека порано авторитетот на домаќинот бил неприкосновен, а неговиот збор за сите закон, во овие задруги веќе попуштила лојалноста и послушноста со сè поголеми отпори кон неговиот авторитет. Извршеното анкетирање, за потребите на овој труд, во кое учествувале 15 лица кои живееле во семејни задруги или го познавале нивниот живот во почетокот на средината на овој век, ги потврдуваат овие ставови.

Некогаш јасно издиференцираните улоги на старешината на семејната задруга — консултација со другите членови, самостојно донесување на одлуките, претставување на задругата пред надворешниот свет — веќе се губат и добиваат дифузна структура во која учествуваат и другите членови, особено машките. Тоа учество нуди цела скала на интензитет — од делумна партиципација па сè до тотално преземање на таа улога која некогаш ја извршувал само домаќинот.

## *Положбата на жената и поделбата на работите во семејната задруга*

Положбата на жената во семејната задруга е определена од општиот став на патријархалниот менталитет, според кој жената е само некој вид „додаток“ на мажот.

Во семејството таа не го наследува имотот, ниту ја продолжува семејната лоза и семејната традиција, што во системот на вредностите на патријархалното општество е мошне значаен факт. Со други зборови, жената е „наменета“ на друго, туѓо семејство, но и во семејството на нејзиниот маж нејзината положба не е подобра. „Жената е од бога благословена да му бидит на мажо послушна“ (Цепенков).[22] При вакво сфаќање нормално дека семејните односи се базираат врз принципите на апнатското сродство и нерамноправноста на половите. Обичајното право ги одржува, ги конзервира патријархалните односи во поглед на личните слободи, сопственичките односи и други значајни фактори за животот и положбата на жената. Остатоците од тој менталитет кои се присутни и во денешното време и кои сè уште ги регулираат во голема мера односите меѓу половите, без сомневање, се најизразити во семејните задруги. Од тие причини, кога се зборува за статусот на жената и кога се испитува денешнава ситуација во тој поглед, мора да се има предвид обичајното право. Забележуваме дека во свеста на луѓето и во нивното однесување во голема мера се содржани елементите на некогашниот став и однос кон же-

[22] Цитирано според Т. Саздов, „Жената во македонската народна книжевност, Битола, 1989, стр. 90.

ната, елементи мошне присутни во класичната семејна задруга кај Македонците. Многу елементи кои укажуваат на подредената, нерамноправна положба на жената, а кои биле доведени до крајност во македонските семејства во минатото и денес по длабоки промени во општеството (без подлога во позитивно правните прописи и правила) сè уште не се сосема отстранети. До оваа констатација е дојдено повеќепати преку разни истражувања, а и споменатото истражување во седмата деценија на овој век само го потврдува овој факт. Одговорите на прашањата на испитаните во споменатите семејни задруги укажуваат дека во голема мера се задржани обичајните норми и традиција според кои жената не е изедначена со мажот. Ехото на таквите ставови (особено во свеста на мажите, но во прилична мера и на самите жени), особено кога станува збор за постарата и средната генерација — е мошне видлив и денес. Така во однос на правата и должностите на мажената како и на немажената жена во семејната задруга не бевме во состојба да го утврдиме постоењето на некои елементи кои не претставуваат манифестација на остатоците на обичајното право.

Во испитаните семејни задруги можеме да констатираме дека законските прописи и економскиот развиток успеаја многу нешто да променат во тие односи, но традицијата и старинските сфаќања имаат голема сила и уште ги сочинуваат правилата за поведението на голем број луѓе.

Односот меѓу момчињата и девојките, воопшто ставот кон девојката мошне често е регулиран со патријархалниот морал, кој има цврста поттпора во семејството. Рамноправноста на женското дете не е прифатена како општествено-морална норма, обичајните правила во голема мера го оправдуваат ставот на средината кон девојките.

Во ставовите се јавува разлика меѓу гледиштата кои се однесуваат на однесувањето на момчињата и на однесувањето на девојките. Според дистрибуцијата на одговорите јасно се гледа дека средината различно гледа на состаноците меѓу момчињата и девојките кога станува збор за машките или за девојките.

Табела 11

КАКО СЕ ГЛЕДА НА СОСТАНОЦИТЕ
МЕЃУ ДЕВОЈКИТЕ И МОМЧИЊАТА

| | за момчиња | за девојки |
|---|---|---|
| Се толерираат | 58,3 | 55,6 |
| Не се води сметка | 40,6 | 7,4 |
| Строго се забрануваат | — | 37 |

Во врска со ваквиот строг став на средината кон девојката е и осудувањето на предбрачните сексуални односи, при што строгата забрана се однесува на предбрачните сексуални односи на девојката.

Табела 12

КАКО СЕ ГЛЕДА НА ПРЕДБРАЧНИТЕ СЕКСУАЛНИ ОДНОСИ

| | Момчиња | Девојки |
|---|---|---|
| Се толерираат | 37 | — |
| Не се води сметка | 29,6 | 3,7 |
| Строго се забрануваат | 33,3 | 92,5 |
| Без одговор | — | 3,7 |

Бројни забрани и прописи ја определуваат и положбата на жената во бракот. Некои од тие правила и забрани наведува А Петровиќ:[23] „Животот на жената се карактеризира и со тоа што тие воопшто ја немаат таа слобода во движењето која ја имаат мажите. Мажите одат каде што сакаат, а жените сами не одат никаде вон селото. Уште повеќе, ни старите жени не одат вон селото додека со себе не поведат барем едно машко дете. Невестата, меѓутоа за 2—3 години сама не смее ни по вода, па дури ни до бавчата не смее да оди. Жената му е многу потчинета на мажот и на свекрвата. Ако сака нешто да купи или некаде да оди, таа мора да добие дозвола од својот маж или од својата свекрва. Свекрвата секогаш е постара и таа прва треба да се слуша.

Жените малку се ценат, како и девојките. Така, на жената никојпат не ѝ се верува дека ја уморила работата. Кога мажот и жената некојпат одат заедно, мажот го јава коњот, а жената оди пеш пред него. При јадењето мажите секогаш почнуваат први да јадат и повеќе од чинии. За време јадење се готви тоа што мажите сакаат, а жената јаде тоа што и се даде, па затоа и се вели: „жените се како стока, како ќе рече мажот така се работи, што ќе и даде тоа ќе јаде“. Жената нема право да советува за домашните работи. Таа може да зборува само за работите на својот маж и своите деца“.

Брачните односи главно ја формираат и ја истакнуваат положбата на мажот. Жената има подредена положба, која се изразува уште во самиот почеток. А Петровиќ така ја објаснува положбата на невестата во семејната задруга. „Работата на невестата во првата па често и во втората година е од изворот или од бунарот да донесува вода за пиење; да му дава вода на домашните пред јадењето и по јадењето; додека ве-

[23] Во споменатото дело.

череат домашните да ја држи ламбата. Да чека додека свекрвата не ѝ подели месо за ручек или вечера. Таа секого слуша во куќата. Во првите 2—3 месеца таа е вистински роб, затоа што секојпат е на нога, секојпат очекува некој нешто да ѝ заповеда и да ја упати на извршување на некоја работа. Со секого мора да разговара, секого да послуша, да го дочека од работа, да ги собуе работниците итн. Сепак, живеејќи во слога, таа е задоволна".

Јасно произлегува дека во семејството сè е одредено со оглед на мажот, на таткото на семејството и на другите машки членови. На работите се гледа од машки агол и тие се оценуваат поаѓајќи од машките потреби и желби. Мажот ја поседува куќата, негово е и семејството, а негови се и членовите на семејството. Со таквото одредување на местото на мажот во семејството е одредено и местото на жената — тие се потчинети на мажот. Како што наведува и А. Петровиќ и други наши истражувачи, местото на снаата е на најдолното место во хиерархиската скала на семејната задруга. Таа е должна сите да ги слуша и служи (мажот, неговите браќа, неговите сестри, свекорот и свекрвата). Со доаѓањето на снаата во задругата се подобрува положбата на свекрвата во семејната хиерархија, така што свекрвата не добива само власт туку со снаата таа се растовара и од работите.

Незаштитената економска положба на жената и вкоренетото сфаќање за супериорноста, привилегираната положба на мажот, ја принудува жената на покорност кон мажот. Податоците од нашето истражување потврдуваат дека присутноста на таквите ставови и во периодот на испитувањето до тоа жените да не смеат отворено да им приговараат на мажите, да истакнуваат спротивно мислење, бидејќи тоа би значело нарушување на авторитетот на мажот.

Табела 13

ДАЛИ ЖЕНАТА СМЕЕ ЈАВНО ДА МУ СЕ ПРОТИВСТАВИ НА СВОЈОТ МАЖ?

| | |
|---|---|
| Смее во секој случај | 18,5 |
| Смее само ако е во право | 3,7 |
| Воопшто не смее | 64,0 |
| Нешто друго | 14,8 |

Нема сомнение дека во регулирањето на внатрешно семејните односи во испитаните семејни задруги се чувствува големото влијание на традицијата. Оттука вкоренетите сфаќања дека авторитетот на старешината, односно мажот, го држи семејството, дека семејството е дотолку постабилно, доколку авторитетот на мажот во него е поголем.

Обработката на неколку прашања кои се релевантни за проблемот на авторитетот на мажите, односно за подредената

положба на жената во однос на мажот (иако станува збор за формално искажување на женската подреденост) ја покажува и следнава ситуација.

Табела 14

КАКО СЕ ИЗРАЗУВА ПОДРЕДЕНАТА ПОЛОЖБА НА ЖЕНАТА ВО ОДНОС НА:

| Старешината | | Постарите мажи | Својот маж |
|---|---|---|---|
| 7,4 | — бакнување рака | — | — |
| 51,9 | — станување во знак на почит | 33,3 | 37,0 |
| | — бакнување рака и стоење | | |
| 7,4 | — бакнување рака, соблекување чевли и миење нозе | 7,4 | — |
| 12,1 | — соблекување чевли и миење нозе | 12,1 | 3,7 |
| 7,4 | — нешто друго | 3,7 | — |
| 3,7 | — без одговор | 37,0 | 48,1 |
| | — не се применува ниеден начин | 3,7 | 3,7 |

Некои од овие постапки би можело да се правдаат со објективните услови кои постојат во селската средина (посипување со вода), но во најголем број случаи ваквото поведение произлегува од сфаќањето дека жената треба да му е потчинета на мажот, дека подобро е да го трпи притисокот на мажот кој се изразува во таквата форма, отколку да дојде во судир со него. Интересно е дека ваквиот однос на потчинетост кон мажот, жената честопати го третира како израз на нејзината љубов и респект кон мажот.

Положбата на жената во семејството, нејзиниот однос со мажот може да се мери и со степенот и начинот на нејзиното учество, односно неучество во донесувањето на семејните одлуки. Во селската средина најчесто целата одговорност ја има мажот, што е во склад со сфаќањето дека жената не е дорасната да просудува и да одлучува заедно со мажот. Најчесто, мислењето на жената сочинува само дел од тие одлуки кои се во директна врска со работите на домаќинството, како набавка на храна и облека, додека во помал број нејзиното мислење е дел на решенијата кои се однесуваат на купувањето и продавањето на покрупните работи, школувањето на децата, вработувањето итн. Секако дека и вкалапените односи во ваквата средина придонесуваат нејзиното влијание врз семејните одлуки да биде минимално:

Табела 15

ДАЛИ ЖЕНИТЕ СЕ ПРАШУВААТ ЗА МИСЛЕЊЕ?

| | |
|---|---|
| Не, никојпат | 3,7 |
| Само старите, за домаќинството | 14,9 |
| Да, за сите поважни работи во задругата | 25,9 |
| Нешто друго | 25,9 |

Табела 16

ДАЛИ ЖЕНИТЕ СМЕАТ ДА СЕ МЕШААТ ВО РАЗГОВОРОТ НА МАЖИТЕ?

| | |
|---|---|
| Да | 14,8 |
| Само откако мажите го кажуваат своето мислење | 7,4 |
| Само кога станува збор за домаќинството | 11,1 |
| Само во исклучителни прилики | 33,3 |
| Не смеат | 14,8 |
| Без одговор | 18,5 |

Колку односите во испитаните семејни задруги останале патријархални, хиерархиски, може да се види и од одговорите на прашањата кои се однесуваат на авторитетот на мажот. Иако начинот на кој се манифестира моќта и власта на мажот е променет, сепак промените не ги укинуваат хиерархиските односи меѓу мажот и жената. Одговорите на поставените прашања најдобро нѝ илустрираат колку е задржана семејната хиерархија, колкав е обемот на промените на авторитетот на мажот под притисокот на промените во целокупниот општествен живот.

Табела 17

КОЈ ИМА НАЈГОЛЕМ АВТОРИТЕТ И ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ОДЛУКИТЕ ВО СЕМЕЈНАТА ЗАДРУГА?

| | |
|---|---|
| Постарите без оглед на полот | 22,2 |
| Постарите машки членови | 40,6 |
| Сите возрасни мажи | 18,5 |
| Без одговор | 18,5 |

Одговорите уште еднаш ја потврдуваат хиерархиската структура на патријархалното семејство.

Ставот дека мажот треба да го има одлучувачкиот збор не е ништо друго, туку продолжување на сфаќањето, со векови одржано за приматот на мажот во бракот и семејството. Нерамноправноста на жената се правда со нејзината интелектуална и карактерна инфериорност, со нејзината помала вредност (мажите сè знаат подобро, тие се попаметни, жените се површни и лекомислени). И нашата народна книжевност неретко ја потенцира потценетата, нерамноправна па дури и презрената положба во која се наоѓаат македонските жени. Марко Цепенков (1829—1920), најплодниот наш собирач на народни умотворби претставувајќи ги жените, го запишал и следново: „Жената ет долгокоса, а краткоумна“ (бр. 752); „Не давај узда на жената“ (бр. 1638); „Дај му на жена узда ако сакаш да ти запусти куќата“ (бр. 512). Потценувачкиот однос

кон жената доведувало до тоа таа и да не биде именувана како „човек", израз кој се однесувал само на мажите. Во таа смисла Цепенков запишал: „Да е жена не е жена, да е човек не е човек, ами знај платно да ткај".[24] Ваквата претстава за инфериорноста на жената во однос на мажот ја става жената во подредена положба не само во внатрешно семејните односи, туку и во јавниот живот, со што таа станува потполно зависна од својот маж. Кон овој став се приклучува и традиционалниот модел за местото на жената во бракот и семејството, домаќинот „газдата" е единствениот претставник на куќата и семејството („мажот е глава на куќата, во куќата мора да постои еден газда, така било секогаш и така ќе биде, таков е обичајот").

Народните умотворби како израз на духот на определена култура ја карактеризираат жената како недоверлива, неверна, плачлива, со други зборови, таа не е човек. Да се биде жена, значи да бидеш зависен, да немаш самодоверба, амбиции, да бидеш инфероирен и слично, што мошне јасно произлегува од бројните народни умотворби. Од народното творештво видливо е дека традицијата не ѝ е склона на жената затоа што позитивно ориентирани умотворби кон жената се мошне ретки. Жените главно се поврзани за негативни конотации, а ставот кон мажите е позитивен. Дихотомијата машко-женско се задржува и во модерното општество благодарение на традицијата која ја поддржува.

Положбата на членовите на семејната задруга се утврдува со оглед на два критериума: полот и возраста. Тоа значи дека помладите ги слушаат постарите, а жените ги слушаат мажите. Сепак, за одредување на местото на поединецот во семејната хиерархија позначаен е полот отколку возраста, така што возраста е значајна за одредување на хиерархијата само во рамките на полот. На тој начин жената се третира како помлада од сите полнолетни машки членови, а помладиот брат има повисок ранг од неговите постари сестри во семејството.

Табела 18

КОЈ ТРЕБА ДА ИМА ПОСЛЕДЕН ЗБОР ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ПОВАЖНИТЕ СЕМЕЈНИ ПРАШАЊА ВО СЕКОЈА ФАМИЛИЈА ПОСЕБНО?

| | |
|---|---|
| Мажот | 55,6 |
| Жената | — |
| Заедно | 44,4 |

Иако тенденцијата за укинување на хиерархијата во семејството е присутна, сепак рамноправноста меѓу мажот и жената останува како морален закон кој треба да се реализира.

[24] Цитирано според Т. Саздов, споменатата книга, стр. 12.

Ако појдеме од изложениот материјал и од изворот и начините на формирање на авторитетот можеме да констатираме дека паралелно егзистираат повеќе форми на семеен авторитет. Покрај авторитетот на старешините на семејната задруга, што е нејзина битна карактеристика, постои и авторитет на мажот, што значи дуплирање на машкиот авторитет.

Од тие причини положбата на жените различно се толкувала и се толкува. Додека некои автори на жената ѝ ставаат круна на главата, третирајќи ја како столб на куќата („Добрата жена куќата отвара, а лошата затвора", Цепенков 596; Жената го прајт мажот и домаќин и недомаќин, Каваев бр. 904) „Жената рај, жената пекол" — Каваев, бр. 913; другите се повеќе склони да ја жалат, да ја сметаат за маченица („Женското уште кога се роди, поарно да умре"; „Женско коа се раѓа, стреите плачат".[25]

Неоспорно, положбата на жената во селското семејство е специфична, таа произлегува од нејзините биолошки фактори како „женка" и ништо повеќе. Како пол таа е понижена, нејзе ѝ се препишуваат и некои негативни атрибути, како што се нерационалноста, кукавичлукот, лукавството итн. Така и во пословиците на нашиот народен творец жените се прикажани со нивните лоши, непримерни одлики. Преку истражувањата дека „жената и змија не се за верување" (Каваев), „Женските ѓаолштини и ѓаолот не ѝ знаи сите" (Цепенков), „Жена и лисица — како една мајка да ѝ родила" (Цепенков), „Жената имат за секого (за секогаш) п'лна торба с'лзи" (Каваев), народниот творец ја регистрира реалноста, состојбите и сфаќањата за жените кај нашиот народ потенцирајќи го нејзиното лукавство, лицемерство и пакоста.

Ако по правило, односите меѓу мажот и жената не се базираат врз љубов и меѓусебно разбирање, туку само врз вршење на семејните функции, разбирлива е и дистанцата меѓу мажот и жената која постои во патријархалното семејство. Во ситуација кога заедничката работа, заедничката грижа за имотот и за децата е база за врската меѓу мажот и жената — кои обично се запознаваат дури во бракот — за интимност и сентименталност останува многу малку место. Дистанцата меѓу мажот и жената треба да се одржи, авторитетот на мажот да се зачувува на разни начини.

Начинот на кој меѓу себе се ословуваат мажот и жената најдобро го илустрира нивниот личен однос. Вообичаено е мажот и жената, меѓусебно да не се викаат на име. Место по своите имиња тие се довикуваат со „море", „еј", „човеку", „мажу", „жено", итн. Доколку и се ословуваат на име, тоа му е дозволено само на мажот, додека за жената се смета како непријатно ако својот маж го вика на име, или ако зборувајќи за него му го употребува името. Обично со сопстве-

[25] Исто, стр. 90—92.

но име најчесто се ословуваат младите, особено тие кои во брак стапиле врз база на своите лични желби и склоности. Промените во тој поглед ги следиме и од одговорите на прашањето.

Табела 19

КАКО СЕ ИМЕНУВААТ МАЖОТ И ЖЕНАТА МЕЃУ СЕБЕ?

| | |
|---|---|
| — и постарите и помладите по име | 64,0 |
| — помладите по име, а старите на некој друг начин | 33,3 |
| — и старите и младите на друг начин | 3,7 |

Миленко Филиповиќ[26] проучувајќи ги семејните задруги во Македонија објаснува дека ниту мажот ниту жената не се викаат по личното име туку мојот човек, човекон, онја и сл., а мажот обично за својата жена вели „она". Колку жената го губи својот идентитет, колку таа припаѓа на својот маж може да се заклучи и од фактот што жените се викаат по името на својот маж, а имињата на одделни жени не можат ни да се чујат, а во средината во која тие живеат често пати не се ни знаат. На тој начин жената е Тодор(ица), Бафтир(ица), Трпе(ица), Добре(ица), Раде(ица) итн. А. Петровиќ вели: „Како при работата, така и во разговорите жената за својот маж речиси секогаш вели „он", или „човек", а тој за неа „она" или „жена ми". Кога жената со мажот зборува и кога нему му се обраќа, му вели „море", а тој нејзе „мори". Мошне се ретки случаите мажот и жената еден друг да се викаат по име. Доколку испраќаат поздрави еден на друг по трето лице или во писмо, велат „Здраво живо до невесту ми" и „Здраво живо имаш од невесту ти".

Констелацијата на односите во семејството кога бракот е по должност и конвенција бара голем степен на дисциплина и самодисциплина на брачните другари и на другите членови на семејството. Вонбрачните односи како на мажот така и на жената, речиси насекаде се наоѓаат под заканување на тешките морални санкции. Кога семејната и брачната солидарност лежат врз морални норми кои однадвор се наметнати, брачната верност се одржува без особено присилување, а јавното мнение дејствува многу императивно во тој правец.

Табела 20

КАКО СЕ ОДНЕСУВАТЕ СПРЕМА НЕВЕРНИОТ БРАЧЕН ДРУГАР?

| | Спрема жената | Спрема мажот |
|---|---|---|
| Само ако жената нема деца или мажот е неспособен | 7,4 | 7,4 |
| Не е дозволено | 81,5 | 20,0 |
| Без одговор | — | — |

[26] Во споменатото дело.

Верноста на брачните другари, особено на жената, е еден од најконстантните знаци на патријархалните односи. Јавноста многу строго ги осудува неверните жени, нејзиното неверство се смета како нешто страшно и нечуено, нешто што мажот со право може да го натера на освета. Како неверноста на жената, исто така и неверноста на мажот се смета како престап кој се осудува. Но, колку и да е строга средината во оценувањето на вонбрачните односи на мажите, јасни се диференцираните нијанси на нејзините ставови спрема мажите и жените. Неверноста на мажот не повлекува сериозни последици за заедничкиот брачен живот како што е случај со неверството на жената. Мажите се осудуваат, помалку се респектираат, но не се презирани, исмејувани, а најмалку казнувани. Тоа значи дека верноста е пожелна за мажот но задолжителна за жените.

Во средината каде превладуваат патријархалните сфаќања и модел на однесување целта на бракот е раѓање деца, задоволување физиолошките потреби на мажот и економските потреби на целото домаќинство. Репродуктивната функција на семејството која се согледува во континуираното и непланираното раѓање е една од најважните функции на патријархалното семејство. Децата се посакувани под секакви услови и по секоја цена. Мажот пред сѐ се жени за да има деца, и тоа колку повеќе, толку подобро, а многу повеќе се цени и очекува раѓањето на машкото дете. Физичкиот напор на раѓањето, доколку и ги надминува можностите и конституцијата на жената, нема многу значење за околината во која секој член на семејството е неопходен како работна сила. Меѓутоа, со промената на условите за живеење се јавува и желбата за ограничување на бројот на раѓањата. Доколку семејството се оттргнува од земјата, дотолку поизразена е и жената за подобрување на условите за живеење, и тоа се рефлектира врз планирањето на бројот на децата.

*Поделба на работите.* Во рамките на традиционалното, патријархално семејство постои строга поделба на машки и женски работи. Сепак жената во многу поголема мера од мажот е ангажирана во семејството. Нејзиниот статус е определен со самиот факт што таа во куќата е доведена повеќе како работна сила отколку како брачен другар. Нејзината должност е да ги извршува сите работи во куќата. Покрај задолженијата со сите домашни работи, и нејзиното учество во земјоделските работи е мошне големо, а некаде тоа ја сочинува и главната работна сила. Фактот што жените во поголем број се јавуваат како земјоделски производители, некаде и како единствени земјоделски производители, е последица на сѐ поголемото темпо на постојано или сезонско вработување на мажите надвор од семејството.

Миленко Филиповиќ објаснува дека положбата на жената во задругата е мошне тешка, што е последица на специфичните прилики, особено кога главниот извор на средствата за живе-

ење е заработувачката на печалбарите. Од тие причини врз жените паѓа најголемиот дел од работите во домаќинството и на нива, тие ги работат и најгрубите работи (ораат, жнејат итн.), одат со житото на воденица, носат дрва на грбот, а покрај тоа ги работат и сите домашни работи.

Општо е познато дека земјоделците работно се многу повеќе оптоварени отколку другите професионални категории и тоа пред сè со тешки физички работи. Покрај тоа за нив не постои работно време во сезоната. Сето тоа, особено се однесува на жената на село, која работи во домаќинството и на имотот покрај своите задолженија што ги има како жена и мајка. Затоа најчесто тие и самите изјавуваат дека нема работи кои самите не ги работат. Жената обично не ги работи само работите за кои нема доволно физички можности, како што е косењето и сечењето дрва во шума. Како женски работи остануваат перењето, готвењето, чистењето, грижата за децата и опслужувањето на мажот. А. Петровиќ[27] задолженијата на жените во семејната задруга вака ги опишува: „Во секоја куќа има и месарија или свекрва, т.е. жена редуша, која се одредува за една или две недели спрема обичајот на задругата. Нејзината работа е да меси леб, зготви јадење, донесе вода за пиење, ја чисти куќата, а на време да им прати ручек на работниците или самата да им однесе ако работат близу до селото. Што треба да се готви определува домаќинот. Освен месаријата во големите задруги уште има и по една помошничка која во сите работи ѝ помага. Во зимата за овие должности се редат сите жени, а во летото таа должност ја врши една или две постари жени кои не можат да работат потешка работа. Покрај работите кои жените ги имаат во куќата (метење, обработување на бавчата, месењето леб и готвењето, шиењето нови и перењето и крпењето на старите алишта) тие уште работат и некои полски работи... Сите тие работи ги определува домаќинот според нивната телесна кондиција."

Поделбата на должностите е таква што ја зацврснува хиерархијата со доминацијата на мажот и потчинетоста на жената. Мажот не ги прифаќа женските работи, но не поради физичките неможности (како што е случајот со жената), туку за да ја задржи дистанцата во однос на жената. Се смета дека женските работи го загрозуваат достоинството на мажот, па затоа доколку и некои од нив прифати, тој тоа го крие. Меѓутоа, иако жената може и самостојно да ги врши сите домашни работи, дури ни денес според правилата од минатото само во исклучителни животни ситуации самостојно таа може да го претставува семејството во однос на надворешниот свет. Нејзината исклучителна должност се однесуа на секојдневните домашни работи, грижата за децата, стоката, сите тие работи кои се нарекуваат и реално третираат како „женски" работи.

---

[27] Во споменатото дело.

Сето тоа укажува на преоптовареноста на жената што е очигледно при средбата со нив. Жените се исцрпени па оттука и мислењето дека тие побргу стареат. Оттука и мислењето дека е потешко да се биде жена отколку маж. („Женско да не се роди“ — Цепенков).

Нашите народни умотворби мошне добро ги одразиле тешките услови во кои жената живее и работи во семејството. Така, една од нашите лирски народни песни мошне непосредно ја оцртува таа макотрпна и тешка положба на жената уште во самиот почеток на нејзината мажачка:

Во сабота навечер ме зедоа
в понеделник на нива ме пратија
Срам да им е, арам да им е
на нива ме пратија.[28]

Тешкотиите и макотрпноста во нејзината нова семејна заедница во народниот стих се изразува на тој начин што дури го истакнува и жалењето поради мажачката:

Да знае моме, да знае
да знае да се не жени
Дури сум била при мама,
дури ме мама чешлаше,
руса ми коса растеше,
дури ме тате ранеше,
тенка ми снага растеше,
дури ме бате гледаше,
бело ми лице цветаше,
откако сум се омажила
бело ми лице повехна
тенка ми снага строшија.[29]
руса ми коса окапа,

Без сомнение, и денес е прилично изразена свеста и праксата на поделба на работите на машки и женски. Во истражувањата во врска со овој феномен одговорите само го потврдуваат овој факт. Констатираме дека оваа традиционална поделба не само што не се губи, туку и се засилува на штета на жената, бидејќи жените сè повеќе ги преземаат и машките работи на село, поради недостатокот на работната сила. Во таа смисла, што се однесува до поделбата на работите на „машки“ и „женски“ во селската средина можеме да кажеме дека малку е изменето, па дури дека таа е идентична со таа од минатото забележана од поранешните истражувачи и потврдена преку нашите истражувања.

---

[28] Во споменатото дело на Т. Заздов, стр. 13.

[29] Истата книга стр. 29.

Можеме да кажеме дека обичајното право придонело за нерамноправноста на жената во општеството. Во одредени односи во тој поглед и понатаму дејствуваат извесни обичајни правила кои се спротивни на современите сфаќања и на позитивно правниот поредок во нашата средина .

Општествениот систем, колку и да настојува да создаде и услови за надминување на нееднаквоста меѓу половите, патријархалниот морал го прави проблемот мошне комплексен. Тоа значи дека паралелно со прокламираните и усвоените ставови и речиси независно од нив постои уште една вистина, а тоа се фактите од секојдневниот живот. Традиционалните вредности се многу посилни од законите и многу често во секојдневниот живот тие победуваат.

## КОНТИНУИТЕТОТ МЕЃУ СЕМЕЈНАТА ЗАДРУГА И СОВРЕМЕНОТО СЕМЕЈСТВО

Познато е дека семејната задруга била предмет на бројни истражувања како на нашите така и на странските автори. За оваа посебна форма на општествена организација ни се дадени податоци (повеќе преку монографии) кои се обидувале да го објаснат нејзиното настанување, одржување и нестанување.[30]

Сепак, од современа перспектива недостасува едно покомплексно согледување на нашава, македонска средина. Комплексното согледување би било мошне значајно за нас особено ако имаме предвид дека бројни начини на однесување и вредносни ориентации во современиот семеен живот својот корен го влечат од традиционалната семејна организација, како што е семејната задруга. Потврда дека традиционалните норми се пренесуваат е и фактот дека некои карактеристики на задружниот живот се задржани и во помалите семејства, иако задружниот семеен начин на живеење не постои повеќе во смисла на обичајното право.

Нема сомневање дека проучувањата на семејните задруги кај нас, било во нивна изворна форма, било во модифицирана форма, значи голем придонес за поцелосно осветлување на оваа значајна форма на општествена организација. Истражувањата на семејниот живот во Македонија, особено на животот во семејните задруги, сè повеќе нè уверуваат во фактот дека некои елементи на однесување, вредносни ориентации, па дури и современи институционални облици го влечат коренот од традиционалната семејна организација.

Имајќи го предвид фактот дека задружниот тип на семејната организација нема точно определена големина, можеме

---

[30] О. Буриќ, The Zadruga and the Contemporary familu in Yugoslavia, во книгата Communal Families in the Balkans: The Zadruga, editor Robert Byrnes, University of Notre Dame Press, Notre Dame, Indiana, 1976, стр. 117—139.

да тврдиме дека проширените семејства долго време по својата големина, структура и организација во поголема или помала мера одговараат на тоа што се нарекува семејна задруга. Со развојот на општеството, со индустријализацијата и урбанизацијата можеме да го следиме опаѓањето на бројот на лицата на едно домаќинство, а исто така и релативно големиот процент на пошироките семејства — домаќинства во кои покрај потесните семејства живеат поблиските и подалечните роднини.

Неоспорно, резултатите од проучувањата на семејството укажуваат дека покрај податоците за бројната структура на домаќинствата потребно е да се согледа и нивната содржинска страна, а тоа значи да се проучи и нивната организација на живеење, меѓусебните односи, итн. Факт е дека бројни истражувачи на семејството во Југославија се интересираат за изменетите елементи на традиционалниот семеен живот за тие кои ги снемало, и за тие ново формирани. Особено внимание им се посветува на факторите кои ги забрзуваат и задржуваат промените во животот на семејните задруги. При ваквите анализи честопати новото автоматски се вреднува како позитивно, а старото како оличување на заостанатоста и конзервативизмот. При настојувањата од старото што побргу да се побегне најчесто минатото и не се валоризира правилно.

Со право Оливера Буриќ[32] наведува дека во таква атмосфера и не се прифаќаат оценките на научните работници кои доаѓаат од високоразвиените земји од Запад (заситени од негативните последици на урбанизацијата, индустријализацијата и модернизацијата на современиот свет) и кои отворено го искажуваат своето одушевување кон хуманата организација на семејниот живот во традиционалната задруга. Тие посебно ги истакнуваат вредностите на меѓусебната помош, колективизмот, егалитарноста, на заедница во која децата, старите лица и беспомошните се заштитени и во која материјалните добра се распоредуваат според потребите. Своите откритија овие истражувачи ги идеализираат па дури настојуваат да се сочува оваа архајска организација третирајќи ја дури и како сигурна брана од експанзијата на социјализмот и комунизмот.

Секако, можеме да зборуваме за една неправилна оценка на семејната задруга во однос на организацијата на семејниот живот, вредностите на меѓусебното помагање, колективизмот и заштитата на нејзините членови. Од тие причини во проучувањето на континуитетот семејна задруга — современо семејство, неопходно е да се води сметка за тоа што од нашата традиција е пренесено како трајна вредност, тоа што може да се карактеризира како наше културно наследство. Со други зборови, што е тоа во современото семејство што би можело да се каже дека ги претставува елементите на традиционалната семејна задруга?

---

[31] Исто, стр. 127.

[32] Во споменатиот труд.

Неспорно е дека бројни елементи на задружниот семеен живот преживеале бројни промени и тие се сочувани и до денес. Меѓу елементите кои имаат посебна важност за континуитетот семејна задруга — современо семејство во наши услови можат да се набројат: односот меѓу потесното семејство и роднините, вредноста на колективизмот и солидарноста и договорната атмосфера во поглед на раководењето со задругата.

Секој кој се интересира за современиот семеен живот на Македонците може да го забележи задржувањето на блиските односи меѓу членовите на потесното семејство и поблиските и подалечните роднини и покрај тоа што тие врски не се толку цврсти како во традиционалното семејство. Меѓутоа, во однос на семејниот живот во развиените земји тие се многу понагласени и упорно се одржуваат. И при обичното посматрање врската меѓу семејството и роднинската мрежа кај нас може да се забележи, и покрај тоа што таа е ослабена во однос на минатото сепак далеку од некое нејзино драстично раскинување, што случајно во развиените средини, каде доведува до осамување и отуѓување на семејството. Бројни истражувачи на семејството истакнуваат дека, развиеното, постиндустриско општество се враќа кон роднинските врски, на еден нов начин. Ние, пак, можеме да бидеме задоволни што кај нас не дојде до отуѓување на семејството од роднинската мрежа под влијание пред сè, на нашето културно наследство. Тоа значи дека спротивно на бројните промени во нашето општество, во поголема или помала мера идеите за роднинството си останале и тие сè уште играат голема улога во нашиот секојдневен живот.

Релацијата село — град најдобро може да ги потврди овие констатации во смисла што роднините од двата правца заемно се помагаат. Така, блиските роднини од село се прифатени кај роднините од градот, ним им се помага во решавањето на проблемите со кои се сретнуваат (болест, школување на децата, сместување, вработување итн.). Роднините од село на тие во градот им помагаат во обезбедување намирници, зимница, летување итн. Во разни животни ситуации — радост или жалост, роднините се бараат, се чекаат дури и од странство за делење, како на заедничката радост така и заедничката тага. Помошта на роднините при вакви ситуации како и во други важни настани од животот на поединецот или на целото семејство високо се вреднува. Помошта при склучување на бракот, градењето куќа, смрт итн., речиси секогаш е присутна и значи уште една потврда за значењето на роднинските врски. Неоспорно, и денес бројни семејни средби од ваков карактер наликуваат на животот во семејните задруги.

Може да се каже дека меѓусебната помош и колективниот живот на крвните роднини е значаен фактор присутен во семејството на нашиот современ човек и постои како значаен елемент на нашата традиција. Нашите натамошни истражувања ќе треба да бидат насочени во поголема мера на испиту-

вањата на цврстите врски меѓу потесното и поширокото семејство, на силата и одржувањето на семејните врски, а кои ние ги прифаќаме како нешто што е сосема природно.

Колективизмот сè уште е значаен фактор во животот на нашите семејства. Како што наведува и Оливера Буриќ[32] тој сè помалку значи заеднички имот и заедничко живеење, а сè повеќе постои како заедничко учество во значајните настани на роднините, во заедничкото помагање и сочувство. Денес колективизмот во семејството е одреден пред сè од чувството на припадност кон определена роднинска мрежа (веќе констатиравме дека роднинските односи по машка линија и денес се значајни, но и роднинството по мајчина линија сè повеќе добива во значење. Во таа трансформација присуствуваме на една сè поголема приврзаност на мажот кон роднините на жената. Во таа смисла сè почесто се слуша и прашањето и одговорот: „Од каде си? Од каде што ми е жената").

Роднинската солидарност постојано се изразува во помагањето на своите роднини. Морален императив е да му се помогне на роднината, особено кога е во неволја. Морална обврска е да не се заборават лицата од семејството кои ги помогнале. Можеме да заклучиме дека и покрај недоразбирањата и кавгите меѓу членовите во современото семејство, моралните норми врзани за колективизмот и роднинската солидарност се прилично сочувани и значајни за секојдневниот живот.

Сè повеќе мораме да го уважиме фактот дека голем дел од обичаите формирани низ вековната употреба ја добиле големата сила на традицијата. Обичајните норми, и покрај опаѓањето на нивното значење, сè уште егзистираат во народот. Нешто што секогаш така било (што го правело и претходната генерација) претставува доволно оправдување кај луѓето во моментот на одлучување, особено кога тие се определуваат за одделни вредности. Во таа смисла обичајното право и ги одразува општествените односи и нивното влијание врз институциите и воопшто врз културата создавајќи го т.н. народен дух или народна душа.

Посматрајќи го континуитетот меѓу семејната задруга и современото македонско семејство, можеме да констатираме дека, иако овој облик на семејна организација речиси сосем се изгубил сепак некои нејзини важни вредности се задржани, пренесени на современата семејна организација. Но, не само на неа, тие денес живеат во менталитетот и расположението на широките народни слоеви. Со право, Емил Сикар добар познавач на семејните задруги во Јувославија[33] имајќи го пред-

---

[33] Професорот Емил Сикар, директор на Институтот за применети науки и проректор на Универзитетот во Бордо, важи за мошне добар познавач на семејните задруги во Југославија. Во периодот од 1932 до 1941 година ги проучувал семејните задруги во Југославија и напишал неколку студии за нив. Неколку пати боравил во Југославија, а во 1972 год. со авторот на овој труд посетил неколку семејни задруги во Скоп-

вид процесот на модернизација на целокупното наше општество вели: „Задругата ќе ја снема, но нејзиниот дух ќе остане ... Духот на меѓусебното помагање ќе остане во обичаите ... духот на задругата не умира со делбата, а тоа значи останува обичајот на *меѓусебното помагање*, што претставува еден од најстарите традиции на современите земји на Југ.[34]

Процесот на промените е јасен: замена на традиционалните и преживеани облици на семејниот живот со современи форми, при што треба да одвоиме и извесни позитивни елементи кои се манифестираат во односите меѓу помладите и постарите членови на семејството и во односите надвор од семејството. Овие односи, трансформирани, претставуваат дел од нашата позитивна традиција, како што е заемната помош, почитувањето, солидарноста и други, и тие можат и треба да се вклопат како во современото така и во идното општество.

Очигледно, во овој случај силата на народната традиција претставува позитивен фактор во нашиот современ семеен живот. Традиционалната култура и овој пат го нуди своето неисцрпно богатство и разновидност. Затоа, без научна анализа на обичаите и на нашата традиција не можеме да добиеме потполна слика на нашата општествена стварност. Обичајното право со текот на времето, колку и да се модифицира и менува, е веродостојно затоа што се чува и пренесува низ колективното помнење на заедницата.

---

ска Црна Гора. Во неговиот труд „Размислувања за пстоењето и концептот на куќните економски заедници (Социологија села, бр. 1, 1974 год.) како извор на податоци ги наведува и истражувањата на Б. Петроска за современите семејни задруги во СР Македонија).

[34] Е. Сикар, Основни елементи југословенске породичне задруге, Архив за правне и друштвене науке, 1936, књ. XLIX, стр. 575.

*BLAGA PETROSKA*

## LES COMMUNAUTÉS FAMILLIALES CHEZ LES MACÉDONIENS

### Résumé

En examinant la continuité entre les communautés familiales et la famille macédonienne moderne, on constate que — bien que cette forme de l'organisation familiale soit presque disparue — certaines de ses valeurs importantes sont sauvegardées et transmises à l'organiation familiale moderne.

Le procédé des transformatiois est clair: le remplacement des formes traditionnelles et démodées de la vie familiale par des formes modernes; il faut y accentuer aussi certains éléments positifs qui se manifestent dans les relations entre les membres plus jeunes de la famille avec ceux plus vieux et dans les rapports hors de la famille. Ces rapports transformés représentent une partie de notre tradition positive comme p. ex. le secours réciproque, le respect, la solidarité etc. et celles-ci peuvent et doivent être incorporées dans la société contemporaine et future